***ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ – МЕЃАШИ***
***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

Адреса: ул. "Коста Новаковиќ" бр. 22 а, Скопје
Тел: (02) 2465-316; Тел/Факс: (02) 2463-900
info@childrensembassy.org.mk; www.childrensembassy.org.mk

***Информатор бр. 22***
*Јули – Септември 2005*

**Во овој број:**

***1. ДРЖАВАТА ГИ ОТПИША ВНАТРЕШНО РАСЕЛЕНИТЕ ЛИЦА***
***2. СЛУЧАИ НА КРШЕЊА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА***
***3. ЛЕТЕН КАМП***
***4. ЗАЕДНО ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ***
***5. УЧЕСТВО НА 2-ОТ ДЕТСКИ КОНГРЕС ПРОТИВ ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕТСКИОТ ТРУД***
***6. ЧЕТИРИ ПАТИ ПОВЕЌЕ ЈАВУВАЊА НА СОС ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ 0800 1 2222***
***7. СТАРТ НА ДЕТСКИТЕ РАБОТИЛНИЦИ***
***8. ДОНАЦИИ***

## ***ДРЖАВАТА ГИ ОТПИША ВНАТРЕШНО РАСЕЛЕНИТЕ ЛИЦА***

На 02.09.2005 год. во Првата детска амбасада во светот – Меѓаши пристигна известување од Министерството за труд и социјална политика дека врз основа на Заклучокот на Владата на Р.Македонија од 18-тата седница одржана на 17.02.2003 година, на 16-те внатрешно раселени лица сместени во нашето прифатилиште “на кои им се остварени условите за нивно враќање во своите домови” им го прекинува статусот на внатрешно раселени лица и сите бенифиции кои ги уживаа со овој статус. Со ова од 05.09.2005 година, им престанува статусот на внатрешно раселени лица.

Тие и покрај оваа одлука на Владата остануваат во нашето прифатилиште поради фактот што и покрај тоа што нивните домови им се реконструирани според нив тие не се чуствуваат безбедни во Арачиново, а не можат да го напуштат нашето прифатилиште затоа што новите живеалишта на други места во Скопје им се во изградба.

## *СЛУЧАИ НА КРШЕЊА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА*

- За случајот на физичко и сексуално малтретирање на две малолетни деца, Б.Х. (10) и К.Х (7), од страна на нивната мајка бевме писмено известени од таткото К.Х. од Битола. Таткото на децата не информира дека неговата поранешна сопруга континуирано врши насилство врз децата: ги тепа и физички ги малтретира на најразлични начини, вклучувајќи и сексуално. Тој тврди дека на 25.11.2004 год. се обратил да побара помош до Центарот за социјална работа во Битола, но не му било одговорено. Амбасадата Меѓаши стапи во контакт со ЦСР Битола од каде бевме информирани дека тие биле на увид за овој случај и дека се работи за лични пресметки помеѓу родителите, а не за злоупотреба на децата. Го известивме и Народниот правобранител, така што сега очекуваме писмен одговор.
- Со почетокот на учебната година имавме неколку анонимни телефонски јавувања од различни личности и добивме едно писмо од родителите на детето С.П., ученик во второ одделение во ОУ "Рајко Жинзифов" во населба Драчево, Скопје. Во писмото се вели дека нивното дете – ученик како и уште неколку се преместени во друго одделение. Како реакција на тоа, детето пројавува одредени симптоми во смисла на гушење, кашлање и сл. како и одбивност кон училиштето, односно откако ќе го донесат родителите на училиште тоа не сака да влегува на час поради тоа што не е кај наставничката што го учела минатата година и не учи со истите другарчиња од лани. За случајов го известивме и Народниот правобранител. Во контактите со психологот на училиштето ни беше потврдена случката и ветено дека ќе направат се што е во нивна можност за да се реши позитивно оваа ситуација. По неколку дена ученикот беше вратен за што добивме и писмено известување од Народниот правобранител.
- Како што е познато во декември 2004 год. Првата детска амбасада во светот – Меѓаши реагираше на случај на сексуална злоупотреба. Информациите беа објавени во весникот "Дневник" и се наведува за снимен порнографски филм во кој главни актери се шеснаесет годишна ученичка од Скопје и нејзиното момче.

Првата детска амбасада во светот – Меѓаши и Здружението за заштита на правата на детето, на 29.12.2004 год. поднесоа кривична пријава до Јавното Обвинителство против сторители кои дистрибуираат и продаваат приватни аматерски порно снимки до јавноста. Во кривичната пријава ние се повикавме на Кривичниот закон, на членот 152 став 1 и 3, за неовластено снимање, како и на членот 174 став 2, за изнесување лични и семејни прилики.

На поднесено барање од Првата детска амбасада во светот – Меѓаши до Основното Јавно обвинителство – Скопје за добивање информации за кривичната пријава, на 11.05.2005 год. добивме одговор во кој се вели дека по однос на истата Обвинителството поднело барање за собирање на потребни известувања и преземање мерки за откривање на сторителот до Управата за внатрешни работи – Скопје на 01.02.2005 год. Затоа што ние сме заинтересирани каков ќе биде крајниот исход од овој случај на 16.09.2005 год. повторно испративме писмо до Основното Јавно Обвинителство – Скопје и до Управата за внатрешни работи – Скопје со предмет – барање информација за поднесената кривична пријава. До сега немаме добиено одговор од нив.

### *ЛЕТЕН КАМП*

Во периодот од 7 – 14.8.2005 год во Охрид организиравме летен камп со цел 60 средношколци од мешан полов и етнички состав од 5 средни училишта (ДСУ Никола Карев, ДСМУ Панче Караѓозов и ДСУ Цветан Димов од Скопје, ДСУ Наце Буѓони од Куманово и ДСМУ Никола Стеин од Тетово) дружејќи се да научат повеќе за ненасилната комуникација и стекнување основни вештини за претприемништво. Програмата беше дизајнирана за поддигнување на свеста на младите за нивната улога во заедницата како активни граѓани преку волонтерството.



Кампот се организираше во рамките на проектот „Другарување низ мултиетничка соработка”, финансиран од Европска комисија и поддржан од ОБСЕ – Набљудувачка мисија во Скопје преку секторот за развој на образованието и во соработка со Управата за унапредување и поттикнување на образование на јазиците на припадниците на заедниците.

Еве што ни изјавија некои од учесниците на кампот:

*“Кампот во основа беше организиран да се запознаеме сите клубови меѓусебно и да воспоставиме соработка, како и да научиме нешто ново преку забава и игра. Беа организирани предавања и работилници на кои ги разработивме следниве теми: проблеми во училиштата, план за следни активности, комуникација и конфликти. Воедно ги посетивме околните културни знаменитости, имавме разговор со претседателот на ОБСЕ, а на крај од кампот ни беа врачени дипломи. Во текот на овие 4 месеци ќе треба да ги извршиме поставените цели кои ќе бидат прикажани на следниот тренинг.” – Маријан*

*“Во овој камп кој беше преубаво организиран не само што си поминав убаво дружејќи се со нови пријатели кои ме сакаат и ги сакам, туку и научив многу нешта што не знаев и најдов многу одговори за кои секогаш себе си си ги поставував како прашања, но не можев да си одговорам. Мислам дека друштвото со другари од секакви националности е нешто што ни го осветли темниот пат кон иднината и без дружење нема живот. Очекувам да имаме уште вакви кампови во кои ќе запознаам многу другари и другарки за да се дружиме и да уживаме во животот, а и да научам нешта кои ќе ми бидат потребни во животот.” – Арзим*

Проектот „Другарување преку меѓуетничка соработка во 5 мултиетнички клуба во средни училишта во Скопје, Тетово и Куманово” финансиски го поддржаа и Мермерен Комбинат Прилеп и Интраком Скопје.

## *ЗАЕДНО ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ*

Како и минатата, така и оваа година, Амбасадата Меѓаши заедно со граѓанските организации, членки на Граѓанската платформа на Македонија одлучија доброволно да ги објават годишните извештаи, вклучувајќи ги финансиските извештаи и независните ревизорски мислења.

Целта е да се даде придонес кон транспарентноста на работата на граѓанските организации, како придонес кон подобрување на ефективноста на граѓанскиот сектор.



Транспарентното и отчетно работење е гаранција за градење доверба помеѓу граѓанскиот сектор и јавноста, а таа доверба ќе придонесе да го вкорениме граѓанското општество кај оние на кои и им припаѓа, граѓаните.

Сметаме дека објавувањето на годишните извештаи, финансиските извештаи и независните ревизорски мислења по тие извештаи е еден од основните начини за јакнење на одговорноста.

Еве ги организации кои покрај Првата детска амбасада во светот – Меѓаши ги објавија годишните извештаи: Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП), Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Постполио група за поддршка Полио плус, Сојузот на организациите на жените во Македонија (СОЗМ),

Фондацијата Институт отворено општество – Македонија (ФИООМ), Центарот за граѓанска иницијатива (ЦГИ), Прилеп.

Види www.graganskisvet.org.mk

***УЧЕСТВО НА 2-ОТ ДЕТСКИ КОНГРЕС ПРОТИВ ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕТСКИОТ ТРУД И ЗА ЕДУКАЦИЈА***

Нашата амбасада како национален координатор на Global March Against Child Labour учествуваше на Вториот Детски Светски Конгрес против злоупотреба на детскиот труд кој се одржа од 4 до 8 Септември во Њу Делхи – Индија, организиран од Global March Against Child Labour. Преставници на Амбасадата беа Ивана Стојановска (14 години), дете делегат, член и активистка на Детската Амбасада Меѓаши и Емилија Милевска – програмска асистентка.

На Конгресот присуствуваа повеќе од 200 деца од 30 земји од целиот свет (Индија, Македонија, Малаи, Камбоџа, САД, Шпанија, Иран, Мексико, Непал, Јапонија и др.) зборувајќи за нивните ужасни искуства за злоупотреба во фабрики, рудници, порнографија, проституција и тероризам, за неубавите искуства на нивните врсници, како и за огромната желба да им се помогне и изнаоѓање решение за овој растечки проблем.




На овој Конгрес се приклучија и преставници од агенции на Обединатите Нации, Владата и граѓанското општество во Њу Делхи кои ветија дека во иднина ќе се залагаат за елиминирање на било кој облик на детска злоупотреба.

На крајот на Конгресот децата жртви на детскиот труд и децата активисти против детската злоупотреба, предложија декларација со нивни барања за елиминација на детскиот труд и обезбедување едукација за сите. www.globalmarch.org

Ивана – дете делегат, член и активистка на Детската Амбасада Меѓаши, ја претстави состојбата во Македонија и доби поддршка за активностите кои ги презема против детската злоупотреба, како и понатамошна соработка со другите членки на оваа светска организација.

Конгресот заврши со Марш низ Њу Делхи на 08.09.2005 год. на кој учество земаа повеќе од 50.000 луѓе.

Еве што ни изјави Ивана по враќањето од Индија “*За време на конгресот против злоупотреба на детски труд, доживеав едно ново искуство запознавајќи и дружејќи се со многу интересни личности. Преку сесиите јас се запознав со вистинската состојба на ова поле во повеќе замји низ светот кои беа учесници на овој конгрес. Секоја земја се претставуваше со свои извештаи претходно подготвени како и ние. Мене најмногу ми се допадна начинот на кој децата си ги бараа своите права и сосема искрено ги кажуваа своите приказни за тоа на кој начин биле злоупотребани. Исто така, децата на некој начин беа во улога на борци против злоупотребата на детскиот труд.*

*Мене ми е драго што и ние бевме дел од овој конгрес и се надевам дека со тоа ќе можеме да ја подобриме оваа состојба во Македонија.”*

## *ЧЕТИРИ ПАТИ ПОВЕЌЕ ЈАВУВАЊА НА СОС ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ 0800 1 2222*

СОС телефонот за деца и млади **0800 1 2222** при Првата детска амбасада во светот – Меѓаши континуирано функционира веќе 12 години. Благодарение на поддршката на А.Д. Македонски телекомуникации (од 01.06.2005 година) повикот е бесплатен.




Со отварање на новата бесплатна линија се постигна СОС телефонот да стане подостапен за децата и младите, посебно оние од пониските социјални слоеви. Тие можат да се јават и да позборуваат за проблемите кои ги имаат секој работен ден од 8.30 до 20.30 часот. Можат да разговараат со дежурниот волонтер или преку директен контакт со стручно лице – психолог од психолошкото советувалиште (работи од 16.30 до 20.30 часот). Во изминатиов период кон тимот се приклучија уште 4 нови членови, па сега бројот на активни волонтери/ки е зголемен на 25.

*“На почетокот на СОС телефонот имаше по 20-тина јавувања, а само 5 волонтери, а сегашната состојба е поинаква. Голем напредок и во поглед на зголеменото учество на волонтери, поголема координација и подобра координација и подобри услови, а секако тука е и моето искуство. Особено би сакала да го истакнам аспектот на мојата комуникација со родителите кои имаат проблеми со своите деца.“ – Ни изјави волонтерка на СОС телефонот*

Како резултат на медиумската покриеност на СОС телефонот, и како резултат на новиот бесплатен повик, бројот на јавувања на СОС

телефонот се зголеми четири пати во последниве 4 месеци, имено на СОС телефонот побараа помош 426 деца и млади, од кои 267 женски и 159 машки. Како за споредба, за цела изминатата година беа регистрирани само 414 случаи.

За подобро да се запознае јавноста со новиот број и психолошкото советувалиште, во изминатите четири месеци беа дадени 13 интервјуа, и тоа на: А1 телевизија (2 интервјуа и 2 изјави на вести), Канал 4, Сител, Канал 5, Орбис – Битола, Македонско радио, Актуел, Граѓански свет, ЛаНова.

Спотот беше доставен до голем број телевизиски и радио станици, меѓу кои: Македонска телевизија, Сител, Канал 5, А1, Алфа телевизија, Телма, Скај Нет, Канал 4, МТМ, БТР, ЕРА, Орбис – Битола, Радио Фортуна, Македонско радио, Канал 77 и други. Спотот бесплатно се емитува на некои од овие станици. Истиот беше преведен и на албански јазик, од страна на ТВ ЕРА и доставен до албанските медиуми.

Координатор на СОС телефонот за деца и млади е Маја Корубин. Во изминатиов период финансиски беше поддржан од CHI – Child Helpline International (до 12.10.2005 год), а за наредниот период обезбедена е финансиска поддршка од фирмите Кјуби Осигурување и Пексим, Kerwer.

## *СТАРТ НА ДЕТСКИТЕ РАБОТИЛНИЦИ*

Со стартот на учебната 2005/06 год започна и функционирањето на Детските работилници. Тие претставуваат можност децата од различна етничка припадност и со низок економски статус заедно дружејќи се,



преку најразновидни активности според нивните интереси и со употребата на соодветни прирачни средства да ја развијат својата креативност и фантазија.

Децата на возраст од 4 до 14 год можат да посетуваат некоја од следниве работилници: компјутерска, англиски јазик, едукација за човекови вредности, театарска, креативно пишување – литературна, астрономија, еколошка, ликовна и оригами, и тоа секој работен ден од 16.00 до 20.30 часот. Истите се одржуваат еднаш неделно со времетраење од 75 минути.

Секоја група е сочинета од 12 – 15 деца. Во работилниците како едукатори/ки се ангажирани волонтери/ки од кои повеќето се студенти/ки.

Работилниците можат да ги посетуваат само децата членови на Амбасадата Меѓаши.

Членарината е симболична: 300,00 денари годишно. Децата чии родители се социјални случаи, децата без родители и децата бегалци се ослободени од плаќање членарина.

За подобро запознавање на јавноста со детските работилници беа дадени изјави за Скај Нет Телевија, МТВ, Вест и Дневник.

Им посакуваме добредојде на координаторките на Детските работилници: Александра Коцева, Мирјана Буразер и Марија Николова.

***ДОНАЦИИ***

И во изминативе месеци нашата амбасада ја продолжува својата активност во обезбедување и набавка на хуманитарна помош во храна, облека, обувки, хигиенски средства за 10 социјално загрозени семејства и на 4 семејства во нашето прифатилиште. Координатот на социјалната служба е Мери Николоска.



Упатуваме благодарност до донаторите: *Соко* – Скопје; *Степ Тоурс* – Тетово; *Жито Лукс* – Скопје; *Галички Бисер* – с. Бардовци; *Голак* – Скопје; *Шоу Компани* – Гостивар; *Пик Врбас* – Скопје; *Ависо* – Скопје; *Време* – Скопје; *Ино Спектар* – Скопје; *АлМакс* – Струмица; *Пилко* – Скопје; *Алби* – Скопје; *Тримакс* – Скопје; *ТОЗ* – Скопје.

До следниот број
Срдечен поздрав,

од тимот на
Првата детска амбасада во светот - МЕЃАШИ
Република Македонија

***Информаторов се праќа двојазично (македонски и англиски).***

***Доколку не сакате да го добивате истиот, вратете ни повратен маил со Subject: Remove***